**Што ќе се случи ако моето барање за измена е одбиено?**
Одбивањето е конечна наредба на Трибуналот. Ако не се согласувате со одлуката, може да поднесете барање за нејзино повторно разгледување. Трибуналот не може да изврши повторно разгледување на одлуката за одбивање на барањето, но може да се поднесе ново барање за измена ако пред Трибуналот може да се изнесат нови факти и околности.

**Што ако не сум задоволен/ задоволна со одбивањето на барањето за измена?**
Имате право да поднесете барање до Викторискиот граѓански и административен трибунал (Victorian Civil and Administrative Tribunal - VCAT) да ја разгледа одлуката.
Тоа барање мора да се поднесе во рок од 28 дена откако сте добиле известување за одлуката на Трибуналот. Се плаќа такса за да се поднесе барање до Викторискиот граѓански и административен трибунал.
За натамошни информации, ве молиме стапете во контакт со Одделот за општи работи (General List) при Викторискиот граѓански и административен трибунал на 9628 9755.

**Што се случува ако сум го достигнал/достигнала највисокиот износ на помош што може да се добие?**
Кога еднаш ќе се достигне највисоката граница на помош, Трибуналот не може да обезбеди никаква натамошна помош. Законот предвидува да се дава помош само до законски утврдените граници, а тие се различни во зависност од различните категории.

## За натамошни информации и помош ве молиме стапете во контакт со вашиот локален Суд.

## Место на интернет:
**www.vocat.vic.gov.au**

# Трибунал за помош на жртвите на злосторство

# Трибунал за помош на жртвите на злосторство

# Барања за измена

Macedonian
Variation Applications

**Што е тоа барање за измена?**
Барање за измена се поднесува кога се бара натамошна помош над износот што бил доделен со конечната одлука во врска со барањето.

**Колку време имам за да поднесам барање за измена?**
Барањето за измена може да се поднесе во било кое време откако е донесена конечната одлука во врска со барањето за помош, во период од најмногу 6 години од датумот кога бил доделен надоместот.

**Што ако сум бил/била дете кога ми бил доделен надоместот?**
Временското ограничување од 6 години не важи за вас. Ако конечната одлука за доделување на надоместот била донесена кога сте биле помлади од 18 години, може да поднесете барање за измена се додека да наполните 24 години.

**Како да поднесам барање за измена?**
Барањето за измена се поднесува писмено до Трибуналот. Тоа треба да биде испратено заедно со целата документација што го поддржува барањето, како што се понуди за цени, потврди за плаќања и/или извештаи.

**Што се зема предвид кога се одлучува за барање за измена?**
Трибуналот мора да ги земе предвид:

- Сите нови докази што станале расположиви
- Секоја настаната промена во околностите
- Сите износи што подносителот на барањето ги примил или што треба да му бидат исплатени
- Се друго за што Трибуналот мисли дека е значајно.

**Колку време е потребно за да се донесе одлуката?**
Трибуналот се труди да ги реши барањата за измена во рок од 2 недели откако ги примил. Понекогаш може да дојде до одлагање и да биде потребен подолг период, особено ако станува збор за старо барање што било ставено во архива.

**Како ќе ме известат за резултатот?**
Трибуналот писмено ќе ве извести за исходот од вашето барање за измена. Известувањето ќе биде испратено веднаш штом членот на Трибуналот ќе ја донесе одлуката.

**Што се случува ако моето барање е успешно?**

1. Ако измената подразбира да ви се изврши исплата директно на вас, ќе ви биде пратено известување кое ќе потврдува колкав надомест бил одреден. Набргу потоа ќе ви биде испратен чек во засебно писмо.
2. Ако измената подразбира да се изврши исплата директно на давателот на услугата, и вие и давателот на услугата ќе бидете известени за исходот. Наскоро потоа на давателот на услугата ќе му биде испратен чек во засебно писмо.
3. Ако барањето за измена подразбира да се издаде одобрение за некој иден трошок, вие и давателот на услугата ќе бидете писмено известени за исходот од барањето. Откако ќе биде пружена услугата, фактурата/потврдата за плаќање треба да му се прати директно на Трибуналот за да се изврши уплатата.